BALKAN CIVIL SOCIETY DEVELOPMENT NETWORK

МИЛКА ИВАНОВСКА

# Нефинансиски форми на државна поддршка за граѓански организации од Балканот и Турција



СКОПЈЕ, 2015

Милка Ивановска

# Нефинансиски форми на државна поддршка за граѓански организации од Балканот и Турција

Оваа публикација е подготвена во рамките на Тинк Тенк Програмата за развој на млади професионалци со финансиска поддршка на Фондациите Отворено Општество, Тинк Тенк Фонд.

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на Балканската мрежа за развој на граѓанско општество и Фондациите Отворено Општество, Тинк Тенк Фонд.

Издавач: Балканска мрежа за развој на граѓанско општество (БЦСДН)
www.balkancsd.net
Автор: Милка Ивановска
Дизајн и подготовка: Ања Босилкова-Антовска
Дизајн на корица: Коста Лазаревски
Илустрација: Илија Прокопиев (Идејна скица за просторната инсталација „На истото место“ 2008)
Лектура: Инда Савиќ
Печати: „БороГрафика“
Издадено во Скопје (Македонија), 2015

Овој текст е објавен според условите на лиценцата на Криејтив комонс: НаведиИзвор-Некомерцијално 4.0 Меѓународна лиценца (http://creativecommons.org/licenses/by-nc/4.0/)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје
061.2:005.583.3(497-15)
061.2:005.583.3(560)

ИВАНОВСКА, Милка
Нефинансиски форми на државна поддршка за граѓански организации од Балканот и Турција / Милка Ивановска. - Скопје : Балканска мрежа за развој на граѓанско општество, 2015. - 35 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон главите
ISBN 978-608-65711-7-7

а) Граѓански организации - Поттикнување и поддршка - Западен Балкан
б) Граѓански организации - Поттикнување и поддршка - Турција
COBISS.MK-ID 98382090

# Содржина

5 Вовед

9 Преглед на јавните политики и правната рамка која регулира нефинансиска поддршка во земјите од Балканот и Турција

14 Недостаток на критериуми и процедури за транспарентно доделување на нефинансиска поддршка

20 Добри практики од регионот

- 20 Награди и признанија
- 21 Простории и опрема
- 26 Обуки, едукација и консултации
- 28 Други материјални и нефинансиски донации

30 Што уште може да се направи?

# Вовед

Целта на овој документ е да го актуелизира значењето на нефинансиските форми на поддршка (НП) меѓу државните и локалните јавни службеници и претставниците на граѓанските организации (ГО) за развојот на граѓанското општество во земјите на Балканот и Турција[1]. Граѓанските организации имаат значителна корист од нефинансиска поддршка (НП), особено во рамки на државите од Западен Балкан, во кои само мал број донатори овозможуваат долгорочна финансиска (институционална) поддршка[2], со која би се овозможила организациска одржливост. Иако финансиската поддршка во државите од регионот е недоволна[3], нефинансиските форми на јавна поддршка се широко распространети во практика, особено на локално ниво.

Во земјите кои се дел од оваа анализа, најчеста форма на НП е бесплатно давање на простории за организирање на настани и состаноци на ГО. Други форми на НП наменета за ГО на централно и локално ниво во земјите од Балканот и Турција се: канцелариска опрема (компјутери, проектори, изложбени тезги, итн.), издавање на простории без финансиски надомест или по поволна цена, програми за едукација и обуки со цел градење на капацитетите на

[1] Државите кои се вклучени во оваа анализа се: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Србија, Турција, Хрватска и Црна Гора.
[2] Остојиќ и Фаган, 2014, стр. 2
[3] Хаџи Мицева Еванс и Хафнер Адеми, 2013, стр. 19

ГО, награди и јавни признанија за проекти и добри практики, консултантски услуги, споделување на информации, материјални донации и други форми на нефинансиски донации.

Овој документ се темели, главно, врз секундарни податоци, презентирани во извештаите за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во 2013 и 2014[4], изработени во рамки на Проектот: „Аквис (Acquis) на балканското граѓанско општество – Јакнење на потенцијалот и капацитетите на ГО за застапување и лобирање". Секундарните податоци ја опишуваат состојбата со индикаторите на матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество[5] под стандардот 4: Државата овозможува нефинансиска поддршка (Подобласт 2.2. Поддршка од државата). Матрицата претставува алатка за следење и застапување[6] која се имплементира на годишно ниво во земјите од Балканот и Турција од 2013 година.

[4] Извештаите по земји од Матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество се достапни на следниот линк: http://monitoringmatrix.net/

[5] Матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанските организации ги опфаќа основните принципи и стандарди кои гарантираат поддржувачка и овозможувачка правна околина за функционирањето на ГО. Матрицата е организирана околу три области, од кои секоја е поделена во подобласти. Главните области се: 1. Основни загарантирани законски слободи; 2. Рамка за финансиска одржливост на граѓанските организации; 3. Односот меѓу владата и граѓанските организации.

[6] Методологијата на алатката и значењето на секој од индикаторите, вклучително и индикаторите под стандардот 4, се опишани во Monitoring Matrix Tool-kit, кој е достапен на англиски јазик, на следниот линк: http://monitoringmatrix.net/the-toolkit/

Стандардот 4: „**Државата овозможува нефинансиска поддршка**" ќе биде достигнат доколку се задоволени следните индикатори:

| Законодавство | Во пракса |
|---|---|
| 1. Законодавството овозможува државните органи да алоцираат за нефинансиска поддршка, како што е државна сопственост, издавање простор без финансиска надомест (временски – ограничено), бесплатни обуки, консултации и други ресурси за ГО.<br>2. Нефинансиската поддршка е обезбедена под јасно пропишани правила, засновани врз објективни критериуми и не привилегира ниту една група. | 1. ГО користат нефинансиска поддршка.<br>2. ГО се третирани како еднакви или привилегирани во споредба со другите чинители кога државата обезбедува нефинансиски ресурси.<br>3. Не постојат случаи во кои државните органи обезбедуваат нефинансиска поддршка само на ГО кои не ја критикуваат нивната работа или, пак, на случаи на одземање на поддршката од критички ГО, или друг вид на дискриминирање заснован врз лојалност, политичка наклонетост или други незаконски услови. |

(Monitoring Matrix Toolkit. 2013)

Дополнително, овој документ презентира податоци за НП за ГО на локално ниво. Овој бриф е поддржан од натамошна анализа на примарни податоци (стратегии, правилници, закони и подзаконски акти, проектни извештаи, веб содржина, итн.) и податоци собрани преку отворени прашања испратени во текот на јануари 2015 год. преку имејл до експертите од земјите во кои се применува матрицата за следење на овозможувачката околина (листата на национални експерти се наоѓа во Прилогот).

И покрај големиот број примери на НП, во практиката има случаи кои укажуваат дека НП не се дистрибуира на транспарентен и фер

начин од страна на властите. Сепак, не се достапни доволно податоци за дискриминаторски практики од страна на јавните институции при дистрибуција на НП. Понатаму, не се достапни податоци за тоа дали НП е доволно искористена од страна на ГО во практиката. Оттаму, постои потреба за натамошно длабинско емпириско истражување на оваа тема.

Овој документ ја презентира посветлата страна на државната поддршка за ГО - добри практики на НП, со цел да демонстрира дека тие се можни и посакувани за развојот на граѓанското општество во државите од Балканот и Турција. Оваа анализа ја мапира состојбата со јавните политики и правната рамка која овозможува достапност и распределба на НП за ГО во земјите од регионот. Понатаму, се фокусира на најдобрите практики во регионот на локално и национално ниво, за на крај да дојде до заклучоци со низа конкретни препораки за подобрување на достапноста и дистрибуцијата на НП.

# 1 Преглед на јавните политики и правната рамка која регулира нефинансиска поддршка во земјите од Балканот и Турција

Додека нефинансиските форми на поддршка се присутни во практиката, јавните политики и правната рамка на земјите од Балканот и Турција не ги регулира во доволна мера овие практики.

Во **Албанија**, доделувањето на НП не е регулирано конкретно со законите и јавните политики, со исклучок на Законот за организација и функционирање на локалните управи (член 8)[7]. Овој Закон овозможува општините да издаваат движен и недвижен имот на трети субјекти (член 14), вклучително и на ГО. Понатаму, не постојат документи за јавни политики кои предвидуваат креирање на државно финансирани ресурсни центри за јакнење на капацитетите на ГО.

Во **Босна и Херцеговина**, трите закони за здруженија и фондации[8], во деловите кои регулираат сопственост на ГО, укажуваат дека НП може да се состои од подароци од физички и

[7] Закон за организација и функционирање на локалната управа, бр. 8652/00, достапен на англиски јазик, на следниот линк: http://www.urban.org/PDF/alb-newlocgov.pdf

[8] Трите закони се: 1) Закон за здруженија и фондации на БиХ („Службен весник на ФБиХ", 32/01,63/08,76/11), достапен на: http://www.mpr.gov.ba/biblioteka/zakoni/bs/Zakon%20o%20udruzenjima%20i%20fondacijama%20-%2032%20-%2001.pdf ; Во моментов, нови посебни закони се во постапка на донесување: Закон за здруженија на БиХ и Закон за фондации на БиХ; 2) Закон за здруженија и фондации на ФБиХ („Службен весник на ФБиХ", 45/02) и 3) Закон за здруженија и фондации на Република Српска („Службен весник на РС", 52/01,42/05)

правни лица.[9] Законот за млади на ФБиХ[10] ја обврзува власта на општинско, градско и на ниво на кантони да обезбеди минимални мерки за функционирањето на младинските организации (член 11), како, на пример: правно советување за млади за процедурите за реализација на младински и граѓански права (член 13, алинеја 5), обезбедување соодветни простории за младински активности и јакнење на капацитетите на државните службеници кои работат со младински организации и иницијативи (член 14, алинеја 1 и 5).

Во **Хрватска**, Националната стратегија за креирање на овозможувачка околина за развој на граѓанското општество 2012 - 2016 (Мерка 5)[11] предвидува активности за воспоставување транспарентни процедури за доделување на простории во сопственост на државата и следење на ГО кои веќе користат државен имот.

Во **Косово**, НП не е регулирана со основен закон за здруженија, ниту, пак, со документ за јавни политики. Сепак, Законот за доделување за употреба и размена на недвижен општински имот[12]

---

[9] Никовиќ - Папиќ и др. ,2014, стр. 11

[10] Закон за млади на ФБиХ, „Службен весник на ФБиХ", бр. 36/10, Достапен на: http://www.fbihvlada.gov.ba/bosanski/zakoni/2010/zakoni/22hrv.html

[11] Националната стратегија за создавање на овозможувачка околина за развој на граѓанското општество, на англиски јазик е достапна на: http://www.uzuvrh.hr/userfiles/file/National%20Strategy-Civil%20Society-Croatia-2012-2016-eng_final.pdf

[12] Закон за алокација за употреба и размена на недвижен имот на општината (03/Л-226), на англиски јазик е достапен на: http://www.kuvendikosoves.org/common/docs/ligjet/2010-226-eng.pdf

овозможува општините да даваат недвижен имот на користење на ГО.[13]

Во **Македонија**, НП не е регулирана со основен закон за здруженија и фондации, ниту, пак, со документ за јавни политики, меѓутоа постои законска основа за доделување на движен и недвижен имот во сопственост на државните органи, со одлука на Владата на РМ. Владата на РМ, одлучува да даде на користење или да пренесе право на сопственост, со или без надомест, на здруженија и фондации, врз основа на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи (член 55)[14]. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи (2013)[15], понатаму, се овозможува давање на недвижен имот на здруженија и фондации, на времено или трајно користење, со или без надоместок (член 3). Органите на државната управа, исто така, може да носат подзаконски акти за доделување и регулирање на НП[16]. Според Законот за локална самоуправа (член 67)[17], сопственоста на општините може да биде дадена на други субјекти преку јавна аукција, во согласност со закон.

НП не е регулирана со закон во **Црна Гора**, но сепак, Стратегијата за развој на граѓанските организации 2014-2016 се залага „барањето на потраен модел за нефинансиски донации за ГО да се

[13] Извештај за Косово, Матрица за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество, 2013, стр. 19

[14] „Службен весник на РМ“, бр.8/05; измена на член 20

[15] „Службен весник на РМ“, бр.137/13

[16] Извештај за Македонија, Матрица за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество, 2013

[17] „Службен весник на РМ“, бр. 5/02

земе предвид“[18]. Стратегијата предлага водење на регистри за простории и ствари во сопственост на државата (канцелариска опрема, отпишани возила, итн.), што би биле достапни за употреба на ГО преку транспарентна процедура. Член 116 од Законот за локална самоуправа пропишува дека општината ја поддржува работата на ГО во рамките на своите можности и ќе ги информира ГО за сите прашања од нивен интерес[19].

Во **Србија**, Уставот, Законот за локална самоуправа, Законот за финансирање на локалната самоуправа, Законот за јавна сопственост[20], одлуки на општините и градовите за користење на имот во сопственост на државата и националната Младинска стратегија, ја сочинуваат правната рамка за НП за ГО[21]. И покрај ова, ГО се третирани на ист начин како и другите правни лица. Понатаму, во Србија, Нацрт-националната стратегија за овозможувачка околина за развој на ГО предвидува акциони мерки за креирање единствен регистар на сопственост на Република Србија и единиците на локалната самоуправа, како и насоки за критериуми за доделување на простории за ГО од страна на државните институции[22]. Исто така, Нацрт-стратегијата предвидува обуки за јавни службеници на локално ниво за

---

[18] Стратегија за развој на невладини организации на Црна Гора 2014-2016, стр. 25, достапна на: http://www.osce.org/montenegro/124433

[19] Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Црна Гора“, бр. 42/03, 28/04, 75/05, 13/06 и „Службен весник на Црна Гора“, бр. 88/09 и 3/10) достапен на: http://www.uom.co.me/wp-content/uploads/2010/05/Zakon-o-lokalnoj-samoupravi.pdf

[20] „Службен весник на Р. Србија“, бр. 72/11, 88/13

[21] Извештај за Србија, Матрица за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество, 2013 и 2014

[22] Извештај за Србија, Матрица за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество, 2014

принципите на транспарентна распределба на јавни простории за ГО[23].

Во **ТУРЦИЈА**, Законот за односите меѓу здруженија и фондации со јавни институции[24] не дозволува ГО да користат опрема која ѝ припаѓа на државата, иако во подзаконските акти се специфицирани некои исклучоци. Законот за општини[25] овозможува доделување на НП на здруженија со статус од јавен интерес и фондации кои се ослободени од даноци. Исто така, соработката меѓу општините и ГО се заснова врз протоколи.

Може да се заклучи дека основните закони кои ја регулираат слободата на здружување многу ретко вклучуваат одредби кои овозможуваат доделување на нефинансиски форми на поддршка. Многу почесто, мерки за подобрување на достапноста и распределбата на НП има во документите за јавни политики, како стратегии и акциони планови за развој на граѓанското општество, и во подзаконските акти. На крај законите кои регулираат функционирање на локалната самоуправа се најчестата правна основа за доделување на овој тип на поддршка на ГО во земјите од Балканот и Турција. Ова е во согласност со практиката, каде општините се доминантни даватели на НП.

---

23 Нацрт-стратегијата и делот 7.5, Преглед на акциони мерки, се достапни на: http://strategija.civilnodrustvo.gov.rs/diskusija/nacionalna-strategija-za-stvaranje-podsticajnog-okruzenja-za-razvoj-civilnog-drustva-u-republici-srbiji/finansijska-odrzivost-organizacija-civilnog-drustva/

24 „Службен весник на Р. Турција“, бр. 5072/04, издание 25361, достапен на: http://www.dernekler.gov.tr/en/Statute/Compiled-statute-Laws/5072.aspx

25 „Службен весник на Р. Турција“, бр. 5393/05, издание 25874, достапен на: http://www.migm.gov.tr/en/Laws/Law5393_Municipality_2010-12-31_EN_rev01.pdf

# 2 НЕДОСТАТОК НА КРИТЕРИУМИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНО ДОДЕЛУВАЊЕ НА НЕФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Најгорливото прашање поврзано со НП, особено кога станува збор за доделување на движен и недвижен имот, е недостаток на дефинирани правни критериуми и процедури за негово транспарентно доделување и распределба на национално и локално ниво на владеење. Освен што НП треба да е достапна, воедно треба да биде и „обезбедена под јасно пропишани правила, кои се засновани на објективни критериуми и не привилегираат ниту една група“[26]. Ова е клучно за обезбедување еднаков пристап до НП за сите ГО и за спречување на дискриминаторски практики кон критички организации кои вршат надзор врз државните органи (watchdog).

Во **АЛБАНИЈА**, Законот за организација и функционирање на локалната самоуправа[27] ја регулира содржината на договорите за распределба на имот меѓу општините и други субјекти, но не ги

[26] Хаџи Мицева Еванс и Хафнер-Адеми, 2013, стр. 34. Стандард 4, Подобласт 2.2.: Државна поддршка, Област 2: Рамка за финансиска одржливост на граѓанските организации. За детален опис на индикаторите под овој стандард види Tool-kit (2013), достапен на: http://monitoringmatrix.net/wp-content/uploads/2014/04/BCSDN_Monitoring_Matrix-tool-kit.pdf

[27] Закон за организација и функционирање на локалната самоуправа, бр. 8652/00, достапен на англиски, на: http://www.urban.org/PDF/alb-newlocgov.pdf . Во согласност со член 14, алинеја 2, секој договор треба: а) да ја опишува целта и функциите кои ќе се остваруваат; б) да го објасни методот на остварување; в) да го опише нивото и периодот за кој се пренесуваат надлежностите; и г) да ги воспостави очекуваните финансиски влогови од локалната самоуправа и методот на делење на добивка и други профити од активноста.

пропишува критериумите и процедурите за доделување на НП. Крајните одлуки за доделување на НП преку правен договор стапуваат на сила со одобрување на општинскиот совет.

Во **Босна и Херцеговина,** доделувањето на јавен недвижен имот се врши со одлуки за доделување на простор со или без надомест и врз основа на однапред дефинирани критериуми за утврдување поволна кирија. Постојат случаи кога распределбата е извршена преку процедура еднаква за ГО и за другите правни субјекти, но исто така, постојат случаи кога јавните повици одговараат на потребите на специфичи групи на социјално загрозени граѓани[28].

Во **Хрватска**, се донесе нов Правилник за критериуми, мерки и процедури за финансирање и договарање на проекти од јавен интерес, спроведени од здруженија (2015)[29] заснован врз член 33 од Законот за здруженија (2014)[30]. Од големо значење е тоа што во член 1, алинеја 5, од овој Правилник, пишува дека сите критериуми, мерки и процедури се однесуваат и на нефинансиски форми на државна поддршка. Исто така, Хрватска е единствената земја во регионот која има донесено Одлука за критериуми, мерки и процедури за доделување на простор во сопственост на Република Хрватска, на граѓански организации за имплементација на програми и проекти од јавен интерес (2013)[31].

---

[28] Никовиќ - Папиќ и др. , 2014, стр. 11

[29] Текстот на Правилниот на хрватски јазик е достапен на: http://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2014_06_74_1390.html

[30] „Narodne novine“, издание: 011-01 / 14-01 / 96, бр. 71-05-03 / 1-14-2, 2014, достапен на: http://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2014_06_74_1390.html

[31] Текстот на Одлуката (2013) на хрватски јазик е достапен на: http://www.duudi.hr/wp-content/uploads/2013/10/Kriteriji-dodjele-prostora-na-kori%C5%A1tenje-organizacijama-civilnog-dru%C5%A1tva.pdf

Во јули 2014, првиот интегриран регистар на државен имот на Република Хрватска, наменет за распределба на ГО беше јавно претставен на веб страницата на Канцеларијата за управување со државен имот. Последователно, првиот јавен конкурс за распределба на државен имот на ГО[32] беше објавен со цел имплементација на програми и проекти од јавен интерес. Распределбата на простории е раководена од страна на Комисија составена од седум члена, од кои шест се делегирани од страна на државните институции и еден член е претставник на граѓанското општество, именуван од страна на Советот за развој на граѓанското општество на Владата на Република Хрватска (член 7, 2013). Крајните одлуки за распределба на простории се одобрени и потпишани од страна на претседателот на Канцеларијата за управување со државен имот, врз основа на претходен предлог од страна на Комисијата. Националниот регистар на јавен имот не содржи податоци за имотот на локалната самоуправа, а во практика, локалната самоуправа ретко објавува јавни повици за времено или трајно доделување на имот, додека, пак, селекцијата на кандидатите честопати е заснована врз арбитрарни критериуми[33].

Во **Косово** не постојат јасни механизми за распределба на НП на локално и национално ниво. Единствено Законот за доделување на користење и размена на недвижен имот на општините[34] ја утврдува процедурата за распределба и надзор на користење недвижен имот и неговата размена (член 1 и 2).

---

[32] Јавниот повик за распределба на државен имот на ГО, објавен во декември 2014 е достапен на: http://www.uzuvrh.hr/vijest.aspx?pageID=1&newsID=3136

[33] Извештај за Хрватска, Матрица за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество, 2013

[34] Текстот на Законот, бр. 03/L – 226/10, на англиски јазик е достапен на: http://www.kuvendikosoves.org/common/docs/ligjet/2010-226-eng.pdf

### Одлука за критериуми, мерки и процедури за распределба на простории во сопственост на Република Хрватска, на граѓански организации

Право за аплицирање за простории имаат ГО регистрирани во регистарот на граѓански организации; ГО кои ги промовираат вредностите на уставниот поредок на Хрватска; спроведуваат проекти и програми од јавен интерес; активни се најмалку две години пред датумот на пријавување; имаат транспарентна практика на финансиско раководење, итн. (член 3). Повикот за распределба на простории се објавува најмалку еднаш годишно. Член 4 во детали содржи дванаесет критериуми и мерки за бодирање и рангирање на организации. Намерата за делење на простории со други партнерски организации треба да биде потврдена со изјава потпишана од сите партнери, а треба да биде поднесена од страна на организацијата со потенцијал да освои најмногу бодови. Се користи посебен формулар за апликација. По три години, граѓанската организација – добитник, може да поднесе барање за продолжување на користење на просториите за дополнителни пет години, без да се објави јавен повик. Граѓанската организација – корисник на јавен имот, не може да го издава имотот на други субјекти. ГО имаат право да бараат ослободување од плаќање на партиципација или намалена кирија во случај на евентуални инвестиции во просториите.

Во **Црна Гора**, државните органи и локалната самоуправа немаат воспоставено критериуми за распределба на НП. И покрај тоа, постапката за барање на простории за одржување на настани и состаноци е многу едноставна и многу од општините отстапуваат канцелариски простории за ГО. Сепак, не постојат унифицирани процедури и критериуми за добивање простории.

Во **Македонија,** има недостаток на критериуми и процедури за транспарентно доделување на НП. Единствениот документ кој регулира распределба на државна поддршка за ГО е Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации[35], кој не е обврзувачки и кој претставува основа за обезбедување на транспарентно доделување и следење на имплементација на финансиска поддршка. Овој документ не регулира распределба на НП.

Понатаму, во **Србија** не постојат јасни критериуми за распределба на НП, иако, како што веќе беше споменато, ова е една од акционите мерки вклучени во Нацрт-стратегијата за овозможувачка околина за развој на граѓански организации. И по неколку години активни кампањи од страна на ГО во Србија, „не постои официјален регистар на јавни простории, нема достапни информации за нивниот сопственички статус, како и процедури и механизми за нивно користење“[36].

Законот за општини[37] на **Турција** (член 75), кој инаку претставува основа за доделување на НП, не ги наведува формите на НП од страна на општините, ниту, пак, критериумите за добивање на НП за здруженија и фондации[38].

---

[35] „Службен весник на РМ“, бр. 130/07; Текстот на Кодексот на македонски јазик е достапен на: http://www.nvosorabotka.gov.mk/index.php?option=com_docman&task=doc_view&gid=22

[36] Димитријевиќ - Мишковиќ, 2012, стр. 10

[37] „Службен весник на Р. Турција“, бр. 25874/05

[38] Екмекчи и др., 2013

Може да се заклучи дека и во случаите кога има јавна политика и правна основа за доделување на НП, недостасуваат критериуми и процедури за нејзино доделување. Ова значи дека меѓу страните можат да бидат склучени договори за доделување на НП, но нема гаранции за обезбедување на транспарентна, фер, балансирана и отчетна постапка за распределба на јавните ресурси на ГО. Критериумите за доделување на финансиска поддршка треба да бидат проширени со критериуми кои се однесуваат на НП и особено кога станува збор за доделување на јавни простории и опрема за ГО. Земјите од Балканот и Турција треба да воспостават лесно достапни национални и локални регистри на јавна сопственост и да донесат критериуми, мерки и процедури за транспарентна распределба на ствари и имот за користење од страна на ГО.

# 3 Добри практики од регионот

## 1. Награди и признанија

Доделување на јавно признание за иновативни практики во граѓанското општество, или за влијателни проекти, е еден од начините на кои владите можат да го поддржат развојот на граѓанското општество.

Во Хрватска постојат повеќе национални награди кои промовираат младински активизам, општествена иновација и волонтерство. Хрватската национална фондација за развој на граѓанското општество ја доделува наградата за волонтерство, „Отпечаток од срце“, во основни и средни училишта, врз основа на предлози од страна на ученици за иновативни проекти кои им користат на заедниците[39]. Освен тоа, од страна на Националната фондација, на здруженијата и фондациите им се доделува наградата „Social innovation Id²a” за нивните иновативни решенија за општествени проблеми.

Хрватската државна награда за волонтерство се доделува на годишно ниво и е воспоставена со Законот за волонтерство (член 24, алинеја 5)[40] во 2007 год., а се доделува од страна на Националниот комитет за развој на волонтерство. Државната награда е регулирана со Правилник за државната наградата за

[39] Текстот на јавното соопштение (2014) на хрватски јазик е достапен на: http://zaklada.civilnodrustvo.hr/upload/File/hr/vijesti_i_priopcenja/priopcenja/2014/priopcenje_18_kolovoza.pdf

[40] Закон за волонтерство, „Narodne novine“, бр. 58/07

волонтерство[41] и се доделува секоја година на Меѓународниот ден на волонтерството. Правилникот дефинира дека кандидатите може да бидат номинирани од правни и физички лица и наградата се доделува за значајни придонеси на лица и правни ентитети во волонтерската работа и организација на волонтерство во согласност со Законот за волонтерство. Иако оваа награда по природа е финансиска, во пракса има многу важни нефинансиски импликации.

Слично на ова, во Македонија има Национална награда за волонтерство, воспоставена со Стратегијата за промоција и развој на волонтерството (2010-2015), креирана од Министерството за труд и социјална политика. Наградата беше доделена во 2012 и 2013 година во четири категории, и тоа за: волонтер на годината, доделена на поединци; организатор на волонтерство, доделена на организации; волонтерска практика; и медиуми.

## 2. Простории и опрема

Уште една значајна форма на НП е доделување на простории и опрема за активности, настани и состаноци организирани од ГО. Оваа практика е особено распространета на локално ниво на управување.

Во Македонија, на пример, градот Скопје основаше НВО Центар, лоциран во просториите на Младинскиот културен центар (МКЦ),

[41] „Narodne novine“, бр. 106/07; Текстот на правилникот на хрватски јазик е достапен на: http://www.propisi.hr/print.php?id=7122

институција под надлежност на градот. НВО Центарот е ресурсен центар кој обезбедува: канцеларии, сала за конференции, четири компјутери, интернет, проектор, принтер и друга техничка опрема за ГО. Едно службено лице од администрацијата на градот Скопје е координатор на Центарот[42]. Користењето на просториите и опремата е бесплатно и на располагање за здруженија и фондации кои се активни на територијата на градот Скопје. Конкретните услови под кои се даваат на користење просториите и опремата се регулирани со Правилник за користење на простории и опрема на НВО Центарот[43], Скопје. Исто така, постои формулар за барање на користење на просториите и опремата на НВО Центарот, во кој кандидатот треба да ја наведе причината и временската рамка за која се бара на користење. Градот Скопје не поседува друг имот (простории) кој може да им биде доделен на ГО, оттаму не постои ниту регистар, ниту, пак, дефинирана процедура за распределба на простории.

Општина Струмица, во Македонија, користи поранешни касарни како канцеларии и простории за јавни настани. Овие објекти им се достапни бесплатно на ГО, кои може да го користат просторот по поднесено барање до Секторот за локален економски развој. Струмица, исто така, од неодамна отвори Центар за заедницата на општина Струмица, чии канцеларии и опрема им се достапни на ГО. Овој Центар е заеднички проект меѓу општината Струмица и Фондацијата отворено општество во Македонија. Исти центри, со исти можности, постојат во општините Струга и Центар. Општините

---

[42] Стратегија на градот Скопје за соработка со ГО за периодот 2013-2016; текстот на македонски јазик е достапен на: http://bit.ly/17MfkI1

[43] Текстот на Правилникот, на македонски јазик е достапен на: http://www.skopje.gov.mk/images/Image/pravilnik%20-%20skratena%20verzija%20so%20novo%20rabotno%20vreme.pdf

во Македонија може да им го доделат својот имот на користење на ГО, меѓутоа нерешените имотно-правни односи претставуваат проблем за добивање на право за користење на многу од напуштените и неискористени јавни простории.

Во Хрватска, ИМПАКТ – Европски центар за меѓусекторско партнерство[44], беше отворен во 2009 год. од страна на Националната фондација за развој на граѓанското општество. Со одлука на Комисијата за управување со државен имот на Република Хрватска на овој Центар му беа доделени на користење поранешните воени бараки „Франко Лисица", во Задар. Овие простории се користат за организирање на различни активности (состаноци, дебати, конференции, итн.) кои придонесуваат за меѓусекторска соработка.

„Куќата на човекови права" во Белград, Србија, е сместена во простории кои се дадени на официјално користење од страна на градот Белград во 2011[45]. Со цел потпишување на договорот со градот Белград било потребно едно правно лице, и петте ГО формирале унија на здруженија регистрирани како „Куќа на човекови права". Просториите од градот Белград им биле доделени на употреба на неопределено време и без надомест. Петте организации користат простор од 519 м$^2$ за канцеларии, библиотека, јавни настани и архива.

Општината Бечеј во Србија, им доделила на користење повеќе од 150 м$^2$ јавен простор на дванаесет младински организации на неопределен временски период. Просторот содржи една

[44] Информација достапна на: http://www.impact-center.eu/category/340
[45] Информација достапна на: http://kucaljudskihprava.rs/o-nama/

реновирана и целосно опремена конференциска мултифункционална сала од страна на општината[46].

## 2.1. Борбата на граѓанското општество за јавни простори

ГО во регионот имаат значајна историја на стратегиска борба за користење на јавни простори за потребите на граѓанските иницијативи. Еден важен пример за ваква борба е кампањата: „Отворено за јавните простори“, иницирана во 2009 од страна на белградската ГО, Граѓански иницијативи, која се залагала за оживување на јавните простори (напуштени објекти, уништен јавен имот, стари индустриски објекти, неискористени простории во државна сопственост, итн.), за потребите на младинските и културните групи и иницијативи. Оваа кампања имала за цел издигнување на свеста и активности за застапување, со главен фокус на: собирање и систематизација на информации за достапноста на јавните простори во надлежност на општините и градовите; издигнување на свеста за можностите за користење на јавен простор меѓу ГО и неформални младински групи; олеснување на комуникацијата и преговорите меѓу ГО и јавните институции. Исто така, Граѓански иницијативи се застапуваа за донесување на јасни критериуми за распределба на неискористени јавни простори на граѓански инцијативи и организации, од страна на Владата на Република Србија.

[46] Извештај на Граѓански иницијативи за Проектот: „Отворено за јавните простори“

### Младински центар „Шпајз“ од Кикинда, Србија

Еден успешен пример во кампањата „Отворено за јавните простори“ е иницијативата за Младинскиот центар „Шпајз“, предводена од неформална група на средношколци кои барале основање на таков центар во малиот град Кикинда, во Србија. По добиената поддршка од програмата на Граѓански иницијативи, Фондот за иницијативи во заедниците на Балканот, локалните медиуми и пошироката јавност, потребата за таков центар ја препознала и локалната власт. Прво, младинскиот центар станал приоритет во Акциониот план за млади за периодот 2011-2015 (март 2011). Второ, преговорите со локалната власт во текот на 2012 резултирале со официјален договор со кој општината им доделила на користење неискористен простор за период од дваесет години. Општината, исто така, им доделила на младите повеќе од половина од потребните финансиски средства за реновирање на зградата на Младинскиот центар „Шпајз“. Граѓански иницијативи, како дел од својата кампања за оживување на јавните простори, придонела за стратешко развивање на младинската инцијатива и им помогнала при застапување на интересите во преговорите со локалната власт.

Голем број на ГО зеле активно учество во кампањата на Граѓански иницијативи, што резултирало со неколку успешни примери во општините/градовите: Нови Сад, Белград, Смедерево, Ужице и Кикинда, презентирани во прирачникот: „Јавните простори и како да ги отклучиме“ (2012)[47]. Искуствата и лекциите од оваа кампања

[47] Прирачникот на српски јазик е достапен на: http://www.gradjanske.org/wp-content/uploads/2014/11/064-Javni-prostori-i-kako-ih-otkljucati.pdf

за повторно оживување на јавните простори во Србија, претставува значајно наследство за други ГО и влади во регионот.

Уште еден пример на ваква борба во рамките на независниот културен сектор во Србија[48] е иницијативата на Министерство за простор - граѓанска платформа која се залага за актуелизирање на потенцијалот на „непотребните“ простори за развој на културниот живот во градот. Министерство за простор се фокусира на „напуштени фабрики, стари претпријатија и незавршени згради“, кои, главно, имаат нерешен сопственички статус[49]. Борбата за оживување на напуштените простори од јавен интерес на Министерство за простор опфаќа активности за застапување во рамки на институциите, но исто така, и екстра институционален активизам заснован врз граѓанска мобилизација и партиципација.

## 3. Обуки, едукација и консултации

ГО во регионот имаат потреба од: обуки, едукативни програми и консултантски услуги овозможени од јавни институции. Понатаму, јавните институции можат да придонесат за пласирање на информации од интерес за ГО.

[48] Информација достапна на: http://www.wavemagazine.net/arhiva/73/culture/culture-spaces-youth-serbia.htm

[49] Информација достапна на: http://www.wavemagazine.net/arhiva/73/culture/culture-spaces-youth-serbia.htm

### Национална фондација за развој на граѓанското општество во Хрватска

Националната фондација за развој на граѓанското општество во Хрватска е јавна фондација со основна цел да го промовира и развива граѓанското општество. Во насока на НП, Фондацијата овозможува експертско советување и консултации, информирање и обуки за сите заинтересирани ГО и иницијативи. Ова, исто така, е овозможено преку соработката на Фондацијата со четири регионални мрежи на здруженија. За целите на јакнење на капацитетите на ГО преку ширење на експертско знаење, Фондацијата: објавува професионално списание „Граѓанско општество“, експертска литература, прирачници и студии, како и електронски билтени; ја поддржува изградбата на експертска библиотека и дигитална колекција на книги. Националната фондација, понатаму, го поддржува заедничкото спроведување на истражувачки проекти за развој на граѓанското општество, студиски посети и размена на експертско знаење.

Канцеларијата за соработка со граѓанското општество на Република Србија и српската Канцеларија за европска интеграција, реализираат активности за јакнење на капацитетите на ГО. Канцеларијата за европска интеграција помага во програмирањето на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), преку СЕКО механизмот. Канцеларијата, пак, за соработка со граѓанското општество ја поддржува работата на СЕКО механизмот преку: мапирање на потребите на ГО, планирање на обуки во различни области, пласирање на релевантни информации и координација на состаноци во рамките на ИПА за граѓанското

општество (СЦФ), итн.[50] Општината Елбасан во Албанија, овозможува бесплатна експертска помош за пишување на проектни предлози на ГО. Со оглед на овие примери за добри пракси, овие форми на НП треба да се прошират и зајакнат на локално и национално ниво.

# 4. Други материјални и нефинансиски донации

Постојат и други материјални и нефинансиски форми на донации со кои јавните институции можат да ги поддржат програмите и проектите на ГО. Во Босна и Херцеговина постои практика на распределба на материјални ресурси за хуманитарни цели.[51] Во Македонија, во согласност со онлајн анкетата од 2013[52], спроведена за потребите на извештајот за матрицата за следење на развој на граѓанското општество, забележан е еден случај кога по барање на ГО, Министерството за информатичко општество и администрација набавило опрема за училишта (партнери во проектот на ГО), во вкупна вредност од 15.000 €, која ГО ја добиле како материјална донација.

Во анкетата спроведена од ТУСЕВ во 2014, како дел од вториот мониторинг циклус, ГО во Турција известиле дека добиле

[50] Партнерство меѓу јавниот и граѓанскиот сектор на полето на: планирање, програмирање, следење и известување за меѓународна поддршка за развој, Рамковна програма за соработка, 2014, стр. 11
[51] Никовиќ - Папиќ и др., 2014, стр. 11
[52] Нурединовска и Огненовска, 2013

поддршка за бесплатен транспорт и печатење од страна на општинската администрација.

Општината Влора во Албанија, ја поддржува организацијата Ватра, локална ГО која дава социјални услуги на жртви на трговија со луѓе. Покрај месечните плаќања на кирија и комуникациски трошоци, општината ја поддржува работата и преку социјален работник кој е вработен во општината. Оваа соработка се заснова врз потпишан договор.

# 4 Што уште може да се направи?

**Граѓанските организации** во регионот треба:

- Активно да застапуваат барања за користење на неискористени и напуштени јавни простори;
- Активно да бараат и користат НП од јавната власт;
- Да бараат воспоставување на јасни процедури од страна на локалните и национални влади за доделување и користење на НП;
- Да следат и споделуваат информации за НП во рамки на своите мрежи.

**Националните влади и органите на државната управа** треба да:

- Утврдат мерки за обезбедување на НП во националните документи за јавни политики (примарно во стратегии и акциони планови) за развој на граѓанско општество;
- Изработат јасни насоки, критериуми и процедури за транспарентна распределба на НП, особено на простори и опрема во јавна сопственост (движен и недвижен имот);
- Подготват јавно достапни регистри на недвижен имот во сопственост на државата (напуштени згради, уништен јавен имот, стари индустриски комплекси, неискористени јавни простории, итн.);
- Изработат и објават мапи на кои достапните простори за користење од ГО се јасно обележани;
- Соработуваат со ГО во мапирањето на напуштени јавни простори и да дадат активен придонес кон разјаснување на нивниот статус;
- Воспостават државни награди за волонтерство, социјално-иновативни проекти, младински активизам и други практики кои го поддржуваат развојот на граѓанското општество;
- Планираат и спроведуваат бесплатни обуки и едукативни програми за развој на капацитетите на ГО;
- Овозможат други форми на нефинансиска и материјална поддршка за ГО;
- Јавно да ги промовираат можностите и начините на добивање на НП преку лесно достапна и транспарентна постапка.

**Локалната власт** треба да:

- Продолжи да овозможува користење на опрема и простории за активностите на ГО;
- Подготви јавно достапен регистар на движен и недвижен имот за користење од страна на ГО;
- Утврди мерки за обезбедување на НП во документите за локалните политики кои ја регулираат соработката на локалната власт со ГО;
- Овозможи материјални и човечки ресурси за ГО за реализација на нивните проекти и програми од јавен интерес, а особено за ГО кои немаат долгорочна институционална поддршка и професионално ангажиран персонал;
- Основа ресурсни центри и овозможи програми за обуки, едукација и консултантски услуги за развој на капацитетите на ГО;
- Поддржи пласирање на информации за настани на ГО, извори на финансирање, повици за партнерства, итн. и размена на експертско знаење (преку: веб страници, библиотеки, прирачници, стручни списанија, итн.);
- Спроведе обуки за службениците од локалната администрација за транспарентно доделување на НП за ГО;
- Определи контакт лица во општините за информации за користење на слободни простории и друга опрема за потребите на ГО;
- Да го промовира правото на граѓаните и ГО да учествуваат на состаноците на општинските совети со цел заедничка и сеопфатна дискусија за можностите за НП.

# Користена литература:

Cenzura Plus (2014) Monitoring Matrix on Enabling Environment for Civil Society Development-Country Report for Croatia, Balkan Civil Society Acquis Strengthening the Advocacy and Monitoring Potential and Capacities of CSOs, преземено од: http://monitoringmatrix.net/wp-content/uploads/2014/01/Croatia_Monitoring_Report-eng.pdf

Dimitrijević Mišković, Marija, Studije slučaja: Vulić, Ivana i Jureša, Jelena, Sokolov, Vanja, Stojić, Danilo, Bunčić, Radojica and Marko Petković (2012) Prakticni Prirucnik, Javni prostori i kako ih otkljucati, Građanske Inicijative, преземено од: http://www.gradjanske.org/wp-content/uploads/2014/11/064-Javni-prostori-i-kako-ih-otkljucati.pdf

Ekmekci Ayşegül, Yüceer Burçin Doğan, Çoksöyler Evrim, Mısırlıoğlu İnanç, Varon Liana, Yılmaz Lermioğlu, Semanur Karaman Selen, Kılıçalp Iaconantonio Sevda, Başak Ersen Tevfik (2013) Civil Society Monitoring report 2012, TUSEV Publications, преземено од: http://www.tusev.org.tr/usrfiles/files/SivilIzlemeENG_15_08_13.pdf

Hadzi -Miceva Evans, Katerina & Hafner Ademi, Tanja (2014) „Monitoring Matrix on Enabling Environment for Civil Society Development, Regional Report" , developed by European Center for Not -for-Profit Law (ECNL), Balkan Civil Society Development Network (BCSDN), within the project Balkan Civil Society Acquis Strengthening the Advocacy and Monitoring Potential and Capacities of CSOs

Hafner Ademi Tanja & Hadzi-Miceva Evans, Katerina (2013) Monitoring Matrix on Enabling Environment for Civil Society Development The Tool-Kit, Balkan Civil Society Development Network (BCSDN), преземено од:

http://monitoringmatrix.net/wp-content/uploads/2014/04/BCSDN_Monitoring_Matrix-tool-kit.pdf

Hoxha, Taulant (2014) Balkan Civil Society Acquis Strengthening the Advocacy and Monitoring Potential and Capacities of CSOs, Monitoring Matrix on Enabling Environment for Civil Society Development, Kosovo Country Report 2013, Kosovar Civil Society Foundation (KCSF), преземено од: http://monitoringmatrix.net/wp-content/uploads/2014/01/Kosovo_CSDev_Matrix_Final_eng-version.pdf

Ksenija Alorić Ed., Vukčević, Veselin, Šikmanović, Ivan & Latković Danka (2014) The Strategy for Development of Non-governmental Organizations in Montenegro 2014-2016, Ministry of Internal Affairs, ISBN 978-9940-9610-0-8, преземено од: http://www.osce.org/montenegro/124433

Ninković-Papić, Rankal, Slijepčević, Tatjana i Halepović, Dubravka (Authors), Prorok, Slaviša (ed.) (2014) Analiza pravnog, institucionalnog i fiskalnog okvira za Organizacija civilnog društva u BiH, Podrška države za institucionalni razvoj organizacija civilnog društva, podršku projektima i sufinansiranje grantova EU i drugih donator, Centar za promociju civilnog društva (CPCD), преземено од: http://civilnodrustvo.ba/files/Podrska_drzave_BiH_za_institucionalni_razvoj_OCD_podrska_projektima_i_sufinansiranje_grantova_EU.pdf

Nuredinoska, Emina & Ognenovska Simona (2014) Report on the enabling environment for civil society development in Macedonia, Macedonian Center for International Cooperation (MCIC), преземено од: http://monitoringmatrix.net/wp-content/uploads/2014/04/04042014-Macedonia-Country-Monitoring-Report-kt.pdf

Ostojic, Mladen and Fagan, Adam, Editor: Tanja Hafner Ademi (2014) „Donor Strategies and Practices for Supporting Civil Society in the Western Balkans", Balkan Civil Society Development Network (BCSDN),

презeмено од:
http://www.balkancsd.net/images/stories/Balkan_Civic_Practices_11_Donor_Strategies.pdf

Velat, Dubravka, Stojanivić, Maja, Stevkovski, Dejana and Selaković, Bojana (2014) Balkan Civil Society Acquis Strengthening the Advocacy and Monitoring Potential and Capacities of CSOs, Monitoring Matrix on Enabling Environment for Civil Society Development, Serbia Report 2013, Civic Initiatives, преземено од: http://monitoringmatrix.net/wp-content/uploads/2014/01/CMR-Serbia-2013_-eng.pdf

# Прилог

Листа на национални експерти кои одговорија на прашањата за нефинансиска поддршка (НП) во нивните земји и придонесоа кон анализата:

| Име и презиме | Организација |
|---|---|
| Сезин Дереци | ТУСЕВ, Турција |
| Мирела Бутуровиќ | Цензура Плус, Хрватска |
| Клотилда Тавани Коста | Партнери-Албанија, Центар за промена и конфликтен менаџмент, Албанија |
| Славиша Пророк | Центар за промоција на граѓанско општество (ЦПЦД), Босна и Херцеговина |
| Бојана Селаковиќ | Граѓански иницијативи, Србија |
| Симона Огненовска | Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), Македонија |
| Маја Марковиќ | Центар за развој на невладини организации (ЦРНВО), Црна Гора |



THINK TANK FUND

SUPPORTING POLICY RESEARCH